REPUBLIKA E MAQEDONISË
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" në SHKUP
УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА" СКОПЈЕ

# B U L E T I N I

I

UNIVERSITETIT "NËNË TEREZA" në SHKUP

# Б И Л Т Е Н

На

УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА" ВО СКОПЈЕ

Nr.7 / Бр.7

Shkup, 13 dhjetor 2017
Скопје, 13 Декември 2017

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së/ Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof.dr.Azis Pollozhani, u.d. rekor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof.dr. Mustafa Ibrahimi

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачкиот одбор на Билтенот:
Prof. dr. Rizvan Sulejmani
Prof. dr. Zoran Trifunov
Prof.dr. Mustafa Ibrahimi

# PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА

## FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ

1. Referat për zgjedhjen e një mësimdhënësi në thirrjen mësimore - shkencore **Profesor inordinarë** nga fusha arsimore – shkencore **KINEZIOLOGJIA FUNDAMENTALE (50400)** dhe **KINEZIOLOGJIA E APLIKUAR (50401)** nga Klasifikimi i lëmenjve, fushave dhe sferave shkencore - hulumtuese sipas klasifikimit të Fraskatit).
**(Doc dr. Blerim Saiti)**.....................................................................................................6-7

2. **Приговор** (од **Д-р. Ана Секуловска**)......................................................................8-13

**П Р И Г О В О Р**
**од д-р Ана Секуловска**
**на**
**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ „ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ, СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ" (50708) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ,**
**објавен во Билтен бр. 5 од 28.11.2017 година**

3. **Одговор на приговорот** ..........................................................................................14
(со арх. бр. 23-696/1 од 5.12.2017) на објавениот Реферат за избор на наставник во наставно научна област ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708) и НАУКА ЗА УПРАВАТА (50900)

## FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE /ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ

1. **Приговор (од М-р. Биљана Матевска**)..................................................................16-18

**ПРИГОВОР**

Од м-р. Билјана Матевска, докторант на Машински факултет – Скопје, отсек Индустриско инженерство и менаџмент.

Поднесувам прговор на извештајот на рецензентската комисија за избор на работно место асистент докторант на Студиска програма: МАШИНСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ, од наставно научна област ПЛАНИРАЊЕ (21101 од Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиевата класификација), објавен во Билтенот број 5, на Универзитетот Мајка Тереза, издаден на 28.11.2017 година.

2. **Одговор на приговорот........................................................................................19**

**(со арх. бр. 23-696/1 од 5.12.2017) на објавениот Реферат за избор на наставник во наставно научна област ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708) и НАУКА ЗА УПРАВАТА (50900)**

**FAKULTETI I SHKENCAVE INFORMATIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИНАУКИ**


1. За избор на асистент-докторант од областа **Бази на податоци** на Факултетот за информатички науки при Универзитетот“Мајка Тереза” - Скопје
(***не е избран ниту еден кандидат–Nuk është zgjedhur asnjë kandidat)*** ................22

2. За избор на асистент – докторант од областа **ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СИСТЕМИ** на Факултетот за информатички науки при Универзитетот “Мајка Тереза” - Скопје
(***не е избран ниту еден кандидат–Nuk është zgjedhur asnjë kandidat)*** ................23


**FAKULTETI I TEKNOLOGJISË USHQIMORE / ФАКУЛТЕТ ЗА ПРЕХРАМБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА**


1. За избор на наставници во сите наставно-научни звања и соработници (асистенти – докторанти) на Факултетот за технолошки науки – наставно – научна област **Прехранбено инженерство** на **факултет за прехрамбена технологија** при Универзитетот “Мајка Тереза” - Скопје
**(Д-р Даниела Димовска***)* ..........................................................................................25-27

# FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ

# REFERAT

## PËR ZGJEDHJEN E NJË MËSIMDHËNËSI NË THIRRJEN MËSIMORE - SHKENCORE PROFESOR INORDINARË NGA FUSHA ARSIMORE – SHKENCORE KINEZIOLOGJIA FUNDAMENTALE (50400) DHE KINEZIOLOGJIA E APLIKUAR (50401) NË FAKULTETIN E SHKENCAVE SOCIALE

Në bazë vendimit të Këshillit mësimor-shkencor të Fakultetit të Shkencave Sociale në programin studimor: Sport dhe Shkencat Sportive në kuadër të Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup, më datën 12.12.2017 në lidhje me konkursin e shpallur për zgjedhje e mësimdhënësve dhe bashkëpunëtorëve në të gjitha thirrjet mësimore-shkencore, të shpallur në mediet e shkruara informative: **"Nova Makedonija"** dhe **"Koha"** si dhe në ueb-faqen e internetit të universitetit: **unt.edu.mk** më datën 02.12.2017 si dhe në bazë të vendimit të Këshillit të Rektoratit për formimin e komisionit recensues (vendimi nr.23-775/1), për komision recensues janë përcaktuar:

1. **Prof. dr. Zharko Kostovski - kryetar**
   Fakulteti i Edukimit Fizik, Sportit dhe Shëndetit pranë UKIM- Shkup
2. **Prof.dr. Sunaj Raimi - anëtar**
   Fakulteti Filozofik pranë UT - Tetovë
3. **Prof. dr. ind. Visar Ganiu– anëtar**
   Fakulteti i Kulturës Fizike pranë UT - Tetovë

Në bazë të dokumentacionit të paraqitur nga ana e kandidatëve komisioni recensues paraqet raportin recensues:

### R A P O R T I   R E C E N S U E S

Në konkurs janë paraqitur katër kandidatë edhe atë:

1. **Doc. dr. Blerim Saiti,**

Kandidati dr.sc. Blerim Saiti, i lindur më 23.11.1975 në Kumanovë, R. e Maqedonisë, me shtetësi të R. së Maqedonisë me kombësi shqiptare, me vendbanim në f. Orizare, komuna e Likovës, Kumanovë. Shkollimin fillor e mbaroi gjatë viteve 1982/90 në Sh.F. "Jeta e Re" fsh. Sllupçan, Komuna e Likovës. Ndërsa shkollimin e mesëm në gjimnazin "Goce Dellçev" gjatë viteve 1990/94 në Kumanovë. Nga viti 1994/98 – studioi pranë Institutit të Lartë të Edukimit Fizik dhe Sportit (ILFK) "Vojo Kushi" Tiranë, R. e Shqipërisë ku mori thirrjen" Mësues i edukimit fizik dhe sporteve i profilizuar në sportet mundëse", në të njëjtin vite vazhdoi shkollimin në studime e specializuara në fushën e ***"Fizio-kinezio-masazh- terapi"*** pranë Institutit të Lartë të Edukimit Fizik dhe Sportit (ILFK) "Vojo Kushi" Tiranë, R. e Shqipërisë. Magjistroi në vitin 2003 në Akademinë e Edukimit Fizik dhe Sportit "Vojo Kushi" Tiranë, R. e Shqipërisë, në *fushën didaktik i edukimit fizik* me temë: ***"Verifikimi i kapacitetit motorik tek nxënësit e shkollave 8-vjeçare (11-14 vjeçe)"***. Doktoroi në vitin 2013 në Fakultetin e

Kulturës Fizike, në kuadër të Universitetit "Shën Cirili dhe Metodij" në Shkup, R. e Maqedonisë, në temën:"***Утврдување на Соматотиповите и евентуалните нивни разлики во однос на антропометриските карактеристики, моторичките и функционалните способности кај спортисти од различни спортови ".***
Kandidati i plotëson kushtet e konkursit, për zgjedhjen në thirrje mësimore-shkencore përkatësisht në thirrjen mësimore-shkencore doktor i shkencave. Nga këndvështrimi në CV-në e tij dhe dokumentacioni i paraqitur, komisioni recensues vërtetoi se kandidati ka një karrierë solide sportive. Nga të njëjtat dokumentacione të paraqitura nga ana e kandidatit komisioni verifikoi përvojën e punës së kandidatit i cili punon në Universitetin e Tetovës ku në vitin 2013 është zgjedhur në thirrjen mësimore- shkencore Docent. Kandidati u zgjodh si ligjërues në ciklin e dytë të studimeve në Universitetin e Tetovës dhe një si bashkëpunëtor i jashtëm i ciklit të dytë të studimeve në Kolegjin "Universi", Prishtinë, R. e Kosovës. Koordinator në ciklin e tretë të studimeve pranë Universitetit të Tetovës konkretisht në programin studimor Kineziologji. Nga dokumentacioni i paraqitur nga ana e kandidatit ku mund të shihet se ka një përshkrim të pasur shkencor të treguar përmes:

- 27 punimeve të botuara në revista ndërkombëtare dhe kombëtare
- Anëtar i bordit organizativ i 5 konferencave shkencore ndërkombëtare
- Anëtar i bordit shkencor në 6 numra të revistës ndërkombëtare "Sport dhe Health", Tetovë;
- Anëtar i bordit shkencor të revistës ndërkombëtare "Sport Science" Travnik Bosnja dhe Hercegovina;
- Pjesëmarrës i 5 projekteve ndërkombëtare Tempus, Erasmus + dhe Dita Olimpike;
- Mentor i akredituar për studime pasuniversitare.

## MENDIM DHE PROPOZIM

Në bazë konstatimeve të mësipërme, komisioni recensues është në qëndrim që kandidati **Doc. Dr. Blerim Saiti** i plotëson kushtet për zgjedhje në thirrje mësimore-shkencore, i paraparë më konkurs për zgjedhjen e një bashkëpunëtori në programin studimor Sport dhe Shkencat Sportive pranë Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup. Duke marrë parasysh përvojën e punës, përshkrimin shkencor edhe zgjedhjen e tij në thirrjen mësimore-shkencore Docent që nga viti 2013, Komisioni Recensues propozon Këshillit mësimore – shkencor të "Fakultetit të Shkencave Sociale" pranë Universitetit "Nënë Tereza"- Shkup, që **doc dr. Blerim Saiti** të zgjidhet në thirrjen mësimore - shkencore **Profesor inordinarë** nga fusha arsimore – shkencore KINEZIOLOGJIA FUNDAMENTALE (50400) dhe KINEZIOLOGJIA E APLIKUAR (50401) nga Klasifikimi i lëmenjve, fushave dhe sferave shkencore - hulumtuese sipas klasifikimit të Fraskatit).

**Komisioni recensues :**

1) **Prof. dr. Zharko Kostovski - kryetar_______________**
2) **Prof. dr. Sunaj Raimi - anëtar _______________**
3) **Prof. dr. ind. Visar Ganiu- anëtar _______________**

***Shkup, 2017***

REPUBLIKA E MAQEDONISË | РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Universiteti "Nënë Tereza" - Shkup
Универзитет „Мајка Тереза" - Скопје

| Примено: 05.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 23 | 696 | 1 | |


Rіовоn Sеlа...

До:
Универзитет „Мајка Тереза"
ул. „12 Македонска бригада" бр. 2-а/VII спрат
1000 Скопје

- Ректор
- Рецензентска комисија
- Наставно-научен совет

**П Р И Г О В О Р**

**од д-р Ана Секуловска**

**на**

**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ „ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ, СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ" (50708) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ НАУКИ,**
**објавен во Билтен бр. 5 од 28.11.2017 година**

Почитувани,

Во рефератот за избор на наставник во наставно-научната област „Политика на поединечни активности, струки и специјалности" (50708), Членовите на Рецензентската комисија заклучиле дека **„само кандидатот д-р Александар Петковски ги исполнува формалните критериуми за избор во наставно-научно звање доцент во согласност со членовите 125 и 132 од ЗВО на РМ"**. Но, токму во членот 125, став 2 од ЗВО, се наведува дека за доцент може да биде избрано лице кое има:

- научен степен доктор на науки од научната област во која се избира **(50708)**,
- просечен успех од **најмалку осум** на студиите на прв циклус,
- просечен успех од **најмалку осум** на студиите на втор циклус,
- објавени **најмалку четири** научноистражувачки трудови во **соодветната област** во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во **последните пет** години,
- постигнувања во примената на истражувачките резултати и
- способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност.

Во конкретниов случај, Рецензентската комисија требало да констатира дека јас, **д-р Ана Секуловска,** имам:

- научен степен **„доктор на политички науки" (единствена од тројцата пријавени кандидати)**
    - Сум докторирала на Институтот за политички науки на Правниот факултет „Јустинијан Први " при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје со јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: „Информатизацијата како мерка на образовната политика" (наставно-научна област: **„50708 – Политика на поединечни активности, струки и специјалности"** според Фраскатиевата класификација);
- просечен успех **8,16** на студиите на прв циклус;
- просечен успех **10,00** на студиите на втор циклус;
    - Магистерски труд со наслов: „Менторството во функција на јавната администрација";
- објавени **14 (четиринаесет)** научноистражувачки трудови (за секој од нив е доставена печатена копија), од кои **8 (осум)** се од **соодветната** област (**„50708 – Политика на поединечни активности, струки и специјалности"**) во последните пет години **(далеку повеќе од предложениот кандидат)**;
    - Во Рецензијата, пак, се земени предвид само 4 (четири) трудови, наведени само со нивните наслови, без целосни библиографски податоци (ниту **каде,** ниту **кога** се објавени)
- постигнувања во примената на истражувачките резултати;
- способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност, и

**само јас ги исполнувам формалните критериуми за избор во наставно-научно звање доцент во согласност со членовите 125 и 132 од ЗВО на РМ.**

◊

За тоа сведочат моите вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од почетокот на кариерата до денот на пријавата, коишто Рецензентската комисија била должна да ги вреднува во референтот (член 132, став 6 од ЗВО на РМ), а се наведени во продолжение:

**Способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност**

Во повеќе наврати сум била предавач на семинари и политички школи, или како обучувач во рамки на проекти од **мултикултурен** карактер:

I. Обучувач во рамки на **IPA проектот „Урбан дијалог"** финансиран од **Civica Mobilitas** и **Gauss Institute**, Крушево, февруари 2016;

II. Предавач во проектот организиран од **Министерството за правда на Италија** во соработка со Фондација Фалконе: **"Waves of Legality, Waves of Citizenship"**, Палермо, **Италија**, мај 2013;

III. Предавач во **Erasmus+** проектот "Book Lovers Café", Невзехир (Кападокија), **Турција**, мај 2012;

IV. Предавач во **Erasmus+** проектот "Live Your City", Атина, **Грција**, март 2012;

V. Гостин предавач на семинар за **Организациско однесување**, Охрид, јуни 2012;

VI. Гостин предавач на **Политичка школа**, Скопје, мај 2012.

**Научно-истражувачка дејност**

Автор сум на научни и стручни трудови од областа во која работам, објавени во **меѓународни научни списанија**:

[1] **Sekulovska, A.,** Ilievski, Z.: "Public Policy Transplantation and Political (In)Stability in the Case of the Republic Of Macedonia", *Analele Universităţii din Bucureşti Seria Ştiinţe Politice* (**Web of Science Emerging Sources Citation Index;** manuscript submitted for publication), **2017**; (http://anale.fspub.unibuc.ro/calls-for-papers/2017-2)

[2] **Sekulovska, A.,** Mitrevski, P.: "Informatization Level Assessment Framework and Educational Policy Implications", *International Journal of Managing Public Sector Information and Communication Technologies (IJMPICT)*, Vol. 7, No. 4, pp. 11-22, **2016**; (http://aircconline.com/ijmpict/V7N4/7416ijmpict02.pdf)

или, пак, објавени во **меѓународни научни публикации**, со учество и нивна презентација на повеќе **научни конференции**:

[3] **Sekulovska, A.,** Mitrevski, P., Ilievski, Z.: *"Challenges of Educational Policy Design and Implementation in a Developing Society"*, 1st International Conference "Towards Sustainable Development" (TSD'2017), "Mother Teresa" University, Skopje, **2017;**

[4] **Sekulovska, A.**: *"Measuring Information and Communication Technologies for Educational Policy Improvement: Education Informatization Index"*, Proceedings of the International Conference on Education and New Developments (END2017), pp. 661-665, Lisbon, Portugal, **2017**; (http://end-educationconference.org/wp-content/uploads/2017/07/Education-and-New-Developments_2017.pdf)

[5] **Sekulovska, A.,** Jahiu, J.: *"Informatization as a Measure for Improvement of the Education Policy – Case Study: Electronic Content Portal"*, 6th International Conference on Applied Internet and Information Technologies (AIIT2016), Bitola, **2016**; (http://eprints.fikt.edu.mk/159/1/AIIT%202016%20-%20P49.pdf)

[6] **Секуловска, А.**, Димовски, И.: *„Креирање на политики во образовниот систем"*, Прва меѓународна конференција на Универзитетот на Југоисточна Европа, Тетово: „Challenges of Modern Organizational Sciences and Management", Тетово, **2015;**

[7] Марковска, М., **Секуловска, А.**, Стевановска, В.: *„Креативноста – основна детерминанта на иновативноста на компаниите“*, Трет симпозиум „Менаџментот и современите практики“, Бизнис академија Смилевски, Скопје, **2014;**

[8] Стевановска, В., **Секуловска, А.**, Трифуновски, М.: *,,Креирањето на образовната политика во насока на создавање на организација што учи кај образовните институции"*, Втора меѓународна научна конференција ,,Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, BAS & Bulent Ecevit University, Скопје, **2013**;

[9] Михајловски, Г., Стевановска, В., **Секуловска, А.**: *,,Концептот на општествено одговорни организации"*, Економски факултет, Државен универзитет – Тетово: „Регионална економска соработка во процесот на глобализацијата“, Тетово, **2013**;

[10] Markovska, M., **Sekulovska, A.**, Stevanovska, V.: *"Impact of Social Responsibility on Long-Term Organizational Success"*, XI International Scientific Conference “Management and Engineering '13”, Sozopol, Bulgaria, **2013**;

[11] **Секуловска, А.**: *„Процесот на имплементација на јавните политики во образовниот систем и потребата од менаџирање на системот за поефикасна имплементација на политиките“*, Втор симпозиум „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, Бизнис академија Смилевски, Битола, **2013**;

[12] **Sekulovska, A.**, Mihajlovski, G.: *“Social Responsibility - Challenge or Obligation of Contemporary Organization”*, International Scientific Conference “Contemporary Management Challenges and the Organizational Science”, BAS & Bulent Ecevit University, Skopje, **2013**;

[13] Марковска, М., **Секуловска, А.**: *„Претприемаштвото во образованието – предизвици, искуства и компаративни гледишта“*, Меѓународно научно списание „Хоризонти“, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, **2011;**

[14] Марковска, М., **Секуловска, А.**: *„Значењето на претприемаштвото во образованието“*, Педагошки факултет, Скопје, **2011**.

**Стручно-апликативна дејност, престои, семинари и посети**

Сум учествувала и во повеќе стручно-апликативни проекти и активности од областа на науката за управата:

I. Член на **Работна група за е-Влада** на **Regional School of Public Administration (ReSPA)**, како претставник на **Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА)** на РМ;

II. Член на **Работна група за оптимизација на јавната администрација** на **Regional School of Public Administration (ReSPA)**, како претставник на **Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА)** на РМ;

III. Член на **Национална работна група (НРГ)** за следење на **реформата на јавната администрација** во Западниот Балкан;

IV. Учесник на **High Level Open Data Conference**, ReSPA – DSP, Брисел, Белгија, јуни 2017;

V. Учесник на Regional Conference **"Enhancing Managerial Competences in Civil Service"**, Бечиќи, Црна Гора, април 2017;

VI. Учесник на **E-Participation** конференција, Белград, Србија, декември 2016;

VII. Учесник на 9th ReSPA Annual Conference on **"Optimisation of Public Administration"**, Подгорица, Црна Гора, ноември 2016;

VIII. Учесник на 23-ти **Фестивал на информатичките достигнувања INFOFEST 2016**, Будва, Црна Гора, септември 2016;

IX. Учесник на обука за обучувачи во рамки на **IPA проектот „Урбан Дијалог"** финансиран од Civica Mobilitas и Gauss Institute, Маврово, октомври 2015;

X. Учесник во **European Voluntary Service (EVS)** проектот "Giovani e Territorio – Giovani in Movimento", Торино, **Италија**, мај 2015;

XI. Учесник во проектот организиран од ЕУ и меѓународната програма **Education for all (EFA): "Ecomission for Sustainable Development"**, Action 3.1 Training Course, Резекне, **Летонија**, ноември 2012;

XII. Учесник на конференција во соработка на УКЛО и ОБСЕ: **"The OSCE and its role in South East Europe"**, Битола, мај 2012;

XIII. Учесник на тренинг-симулација **„Политика и преговарање – како да се справиш со интересите и компромисите во политиката"**, **Friedrich-Ebert-Stiftung**, април 2012;

XIV. Обука во делот на комуникациските вештини **„Моќта на говорот" – Rhydian Morgan**, Европски Универзитет, Скопје, 2011.

Исто како и предложениот кандидат, имајќи ја предвид природата на моето досегашно работно место („управување со човечки ресурси, општи и нормативно-правни работи"):

- сум била изработувач и на мноштво национални и меѓународни научни и апликативни проекти од мојата институција,
- сум учествувала во комисии,
- сум изработувала правилници и деловници за работа, итн.

но, тоа **не може** и **не смее** да биде пресудно за донесување на предлог за избор на кандидат во **наставно-научно звање.**

◊

Согласно член 132, став 5 од ЗВО на РМ, пред да биде изнесен **предлог за избор на кандидат** во соодветно звање, референтот на рецензентската комисија требало да содржи оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на **сите кандидати**. Недопустливо е да се игнорираат многу други поважни остварувања на кандидатите, а за сметка на тоа, кај предложениот кандидат, **д-р Александар Петковски, доктор на науки по јавна администрација,** да се истакне дури и дека:

- **„подготвувал статут и други потребни акти за регистрација и работа на Здружението на станари на стамбена зграда на адреса АВНОЈ 64 Скопје".**

Настрана од тоа, ако се вреднуваат само научните трудови на предложениот кандидат, д-р Александар Петковски, мора да се истакне дека:

- Трудот со реден број 1 е објавен пред цели 16 години;
- Трудовите со редни броеви 2-6 зборуваат за **меѓуетнички односи (Inter-Ethnic Relations)** и, како такви, припаѓаат во областа **„Граѓанско општество, политички партии и интересни групи“ (50703)**;
- Трудот со реден број 7 зборува за **„македонскиот и црногорскиот правен систем“** и **„иновативни ЕУ механизми“** и, како таков, припаѓа во областа **„Компаративно право“ (50809)**.

Следствено, предложениот кандидат, д-р Александар Петковски, **не ги исполнува** условите од член 125, став 2 од ЗВО на РМ, бидејќи:

- **нема објавен <u>ниту еден</u> научно-истражувачки труд во <u>соодветната</u> област, ако тоа е, воопшто, научната област <u>во која се избира</u> и од која <u>треба да има</u> научен степен доктор на науки**

или, со други зборови: има научен степен доктор на науки во **една** научна област, се избира во **друга** научна област, а сите објавени трудови се во **трета** или **четврта** научна област.

Крајно, не може да биде ставен **посебен** акцент ниту на „богатото работно искуството во мултикултурна средина“ на предложениот кандидат, бидејќи тоа не е еден од посебните **услови во Конкурсот**, ниту пак може да се квантифицира, туку е нешто што, несомнено, може да го стекне секој кандидат, па дури и **ЈАС**, вклучувајќи се во работата со мултикултурниот состав на студенти и академски кадар на Универзитетот „Мајка Тереза“.

Имајќи ги предвид прекршочните одредби од член 167-в, став 1 од ЗВО на РМ, **<u>БАРАМ</u>** членовите на Рецензентската комисија:

- да ги почитуваат одредбите од членот 132, став 5 од истиот, како и одредбите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања, усвоен од универзитетот, со кој поблиску се уредува постапката за избор;
- **<u>повторно</u>** да ги оценат научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите, што се од **<u>важност</u>** за утврдување на условите за избор во соодветното звање, и
- врз основа на тоа да донесат **<u>НОВ ПРЕДЛОГ</u>** за избор на наставник во наставно-научната област **„Политика на поединечни активности, струки и специјалности“ (50708), на Факултетот за социјални науки.**

Со почит,

Д-р Ана Секуловска

До:
Наставно – научниот совет на
Факултетот за социјални науки при
Универзитетот „Мајка Тереза"

**Одговор на приговорот (со арх. бр. 23-696/1 од 5.12.2017) на објавениот Реферат за избор на наставник во наставно научна област ПОЛИТИКА НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИВНОСТИ СТРУКИ И СПЕЦИЈАЛНОСТИ (50708) и НАУКА ЗА УПРАВАТА (50900)**

По разгледувањето на приговорот Рецензентската комисија останува на мислење дека само кандидатоt д-р Александар Петковски ги исполнува формалните критериуми за избор во наставно-научно звање доцент во согласност со важечките прописи и условите предвидени во Конкурсот за избор на наставници од 15.11.2017 година.

Во Скопје 12.12.2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА :

1. Д-р Иван Бимбиловски, редовен професор, претседател,

2. Д-р Абдула Азизи, вонреден професор, член,

3. Д-р Дитурије Исмаили, доцент, член.

# FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE /ФАКУЛТЕТ  ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ

REPL
У
Приме 05.12.2017
Орг. Ед
21-7051/1

**ДО**
**НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ**
**ПРИ УНУВЕРЗИТЕТОТ МАЈКА ТЕРЕЗА**

**ПРЕМЕТ: Приговор на рецензијата за избор на асистент докторанд објавена во Билтен број 5**

## ПРИГОВОР

Од м-р. Билјана Матевска, докторант на Машински факултет – Скопје, отсек Индустриско инженерство и менаџмент.

Поднесувам прговор на извештајот на рецензентската комисија за избор на работно место асистент докторант на Студиска програма: МАШИНСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ, од наставно научна област ПЛАНИРАЊЕ (21101 од Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиевата класификација), објавен во Билтенот број 5, на Универзитетот Мајка Тереза, издаден на 28.11.2017 година.

Во извештајот на рецензентската комисија не е даден целосен и соодветен опис на квалификациите кои се наведени во мојот курикулум, кој е приложен во мојата документација.

Наводите во билтенот бр. 5, не се наведени податоците за кандидатот Билјана Матевска, кои се наведени во претходната рецензија која е објавена во билтенот бр. 2

**Извештај од Билтен бр. 5 – страна 46 - 49**

А.2 Билјана Матевска-Наумовска Биографски податоци Кандидатот Билјана Матевска-Наумовска е родена на 16.04.1988 година во Скопје. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје дипломирала во 2010 година и се стекнува со звање дипломиран машински инженер со просек 8,72. На Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје магистрирала во 2017 година во областа на индустриско инженерство и менаџмент со просек 10. На Машински факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2017 година е запишана на докторски студии. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор.

• Наставно-образовна дејност - Нема високо-образовни и наставно-образовни активности.

• Научно истражувачка дејност - Кандидатката М-р Билјана Матевска-Наумовска приложува листа на објавени трудови од областа на ергономија во меѓународни списанија и конференции.

• Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес - Не достави докази за значајни постигнувања во стручно-апликативната дејност.

Наведените податоци во извештајот се контрадикторни и спротивни во однос на извештајот за истиот кандидатот наведени во Билтен број 2, издаден на 10.10.2017 година, за работно место В.5. Студиска програма: ЕКОНОМСКО ИНЖЕНЕРСТВО, соработник од наставно научна област ПРОУЧУВАЊЕ НА ФАКТОРИ НА РАБОТНА СРЕДИНА И ЗАШТИТА НА РАБОТА (22507 од Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација), кој гласи:

**Ивештај од Билтен бр. 2 – страна 47 - 49**

А.2. Биљана Матевска Наумовска Биографски податоци Кандидаткатам-р Биљана Матевска Наумовска е родена на 16.04.1988 година во Скопје. Дипломските студии на Универзитетот „Кирил и Методиј"на Машинскиот факултет во Скопјеги завршува во 2010 година со просечна оценка од 8.72, а на истиот факултет се запишува во 2010 година, така што по завршување на маг истерските студии во 2012 година се стекнува со научен степен магистерпо технички науки од областа на индустриско инженерство и менаџмент, со просечна оценка 10.00. Исто така во 2012 година на Универзитетот на Универзите тот „Кирил и Методиј" на Машинскиот факултет во Скопје се запишува на докторски студии. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор

• Наставно-образовна дејност - Кандидатката има одржувано повеќе гостувачки предавања на студентите одпостдипломските студии при Машинс киот факултет во Скопје.

• Научно истражувачка дејност - Кандидатката има учествувано како волонтер во повеќе настани и активности организирани од страна на Машинс киот факултет, Скопје и други институции поврзани со истражувачки дејности.

• Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес - Учесник е на бројни форуми, конференции, трибини и дебати со сопствени трудови и презентации.

Барам повторно разгледување на целосно доставената документација за работното место, асистент докторант на Студиска програма: МАШИНСКО

ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ, асистент докторант од наставно научна област ПЛАНИРАЊЕ (21101 од Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација) и соодветно образложение, кое нема да биде невистинито, зошто другиот избран кандидат се покажал како посоодветен.

Со почит,

Дата: 04.12.2017 г.

Скопје

М-р. Билјана Матевска

---------------------------------------------------------------------

**ДО**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ СКОПЈЕ**
**Факултет за технички науки**
12 Ударна бригада, 2а/кат VII
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на приговор поднесен од м-рБилјана Матевска, кандидат по конкурс за избор на асистент – докторанд од наставно-научна област ПЛАНИРАЊЕ (21101 од Класификација на научноистражувачкит подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација), на Факултетот за технички науки, Студиска програма Машинско инженерство и менаџмент (дел В.2.1. од конкурсот објавен на ден 15.11.2017 година)

Со Одлука бр. 21-629/1 од ден 23.11.2017 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје формирана е рецензиона комисија во постапката по распишан конкурс дел В.2.1. за избор на 1 (еден) асистент - докторанд од наставно-научна областПЛАНИРАЊЕ (21101 од Класификација на научноистражувачкит подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација),на Факултетот за технички науки, Студиска програма Машинско инженерство и менаџмент.

По разгледување на доставената документација, рецензионата комисија состави Извештај со предлог за избор на кандидатот м-р Албина Муча во асистент - докторанд во соодветната област.

Во предвидениот рок кандидатот во постапката, м-р Билјана Матевска, поднесе приговор на Извештајот, на кој приговор комисијата го приложи следниов одговор:

**Приговорот на кандидатот м-рБилјана Матевскасе одбива.**

Рецензентската комисија повторно ги разгледа приложените докумнети на кандидатите за конкурсот на дел В.2.1. и го достави следниот извештај на одлуката, а ги образложува во продолжение:

### 1. Наставно-научна област на кои конкурирала не се исти.

Кандидатот м-р Билјана Матевска на огласот од 3.08.2017 година конкурирала за избор на соработник од наставно научната област Проучување на фактори на работна средина и заштита на работа (22507) на студиската програма Економско инженерство и реферат е објавен во билтен број 2 од 10.10.2017. На огласот од 15.11.2017 година кандидатот м-р Билјана Матевска конкурирала за асистент – докторанд од наставно – научна област Планирање (21101) и рефератот е објавен во билтен број 5 од 28.11.2017 година. Во двата огласи имаме различни наставно – научни области, па различно се вреднуваат постигнувањетона кандидатите.

### 2. Рецензентската комисија не се исти на двата конкурси.

Бидејќи двата огласи се различни, рецензентските комисии ги разгледуваат поеделно приложените документи. По разгледувањето на докумнетите на кандидатот м-р Билјана Матевска утврдено е дека има приложено список на трудови и трудови во печатена форма од областа на ергономијата. Кандидатот приложил CV во кој ги наведува нејзините Научни активности и работно искуство, но не доставила

дополнителни докази за нејзината ангажираност, па затоа комисијата не ги земала во предвид работните активности при запишувањето на рефератот

**3. Нема соодветна диплома за познавање на англиски јазик.**

Во распишаниот оглас под Ж. се наведени кои документи треба да ги достави кандидатот и тоа:

- Потврда за познавање од англиски јазик и тоа: (TOEFEL - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, (IELTS) - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, (TOLES - базично познавање (Foundation Level), (IEC) - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1)

Кандидатот м-р Билјана Матевска има доставено диплома за завршен VII (седми) степен по англиски јазик од Друштво за одржување на курсеви за странски јазик „Челинџ", кој не соодвествува на барањето од огласот.

Имајќи го предвид сето горенаведено, рецензионата комисија му предлага на наставно-научниот совет да не го прифати приговорот во дел В.2.1, да го прифати одговорот на приговороти да се продолжи со постапката за избор на асистент-докторанд.

**Рецензиона комисија:**

**1. доц. д-р Моника Лутовска, с.р**

**2. доц. д-р Оливера Петровска, с.р**

**3. доц. д-р Мирлинда Ебиби, с.р**

# FAKULTETI I SHKENCAVE INFORMATIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИНАУКИ

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНТОД ОБЛАСТА **БАЗИ НА ПОДАТОЦИ** НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ“МАЈКА ТЕРЕЗА” - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки, Универзитет “Мајка Тереза” - Скопје на седницата одржана на 12.12.2017 година, во врска со конкурсот објавен на 02.12.2017, формира Рецензиона комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на вештачка интелегенција и системи, во состав:

- Проф. д-р Беким Фетаји, ФИН-УНТ – Скопје - претседател,
- Проф. д-р Андреј Цветковски, ФИН-УНТ – Скопје - член,
- Доц. д-р Едмонд Јајага, ФИН-УНТ- Скопје - член.

На распишаниот конкурс за избор на соработник во областа Вештачка интелигенција и системи се пријавија следните кандидидати: м-р Арбнор Рушити, м-р Лирим Амети и м-р Ветон Рушити. По разгледувањето на поднесените документи на кандидатите, Рецензионата комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки му го поднесува следниов

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на поднесената документација од страна на кандидатите, Рецензионата комисија заклучи дека ниту еден кандидат нема поднесено соодветен доказ за знаење на англиски јазик во смисла на чл. 125-а од Законот за високото образование, и согласно со тоа не му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки, при Универзитетот “Мајка Тереза” во Скопје ниту еден кандидат за избор.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р, Беким Фетаји, ФИН-УНТ – Скопје, претседател

_______________________________________

2. Проф. д-рАндреј Цветковски, ФИН-УНТ – Скопје, член

_______________________________________

3. Доц. д-р Едмонд Јајага, ФИН-УНТ – Скопје,член

_______________________________________

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ – ДОКТОРАНТ ОД ОБЛАСТА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ“МАЈКА ТЕРЕЗА” - СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки, Универзитет “Мајка Тереза” - Скопје на седницата одржана на 12.12.2017 година, во врска со конкурсот објавен на 02.12.2017, формира Рецензиона комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на вештачка интелегенција и системи, во состав:

- Проф. д-р Беким Фетаји, ФИН-УНТ – Скопје - претседател,
- Проф. д-р Андреј Цветковски, ФИН-УНТ – Скопје - член,
- Доц. д-р Едмонд Јајага, ФИН-УНТ- Скопје - член.

На распишаниот конкурс за избор за соработник во областа Вештачка интелигенција и системи се пријавија следните кандидидати: м-р Арбнор Рушити и м-р Сузана Адеми Ајвази. По разгледувањето на поднесените документи на кандидатите, Рецензионата комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки му го поднесува следниов

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на поднесената документација од страна на кандидатите, Рецензионата комисија заклучи дека ниту еден кандидат нема поднесено соодветен доказ за знаење на англиски јазик во смисла на чл. 125-а од Законот за високото образование, и согласно со тоа не му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки, Универзитет “Мајка Тереза” во Скопје не избра ниту еден кандидат за избор.

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р, Беким Фетаји, ФИН-УНТ – Скопје, претседател

___________________________________

2. Проф. д-р. Андреј Цветковски, ФИН-УНТ – Скопје, член

___________________________________

3. Доц. д-р Едмонд Јајага, ФИН-УНТ – Скопје,член

___________________________________

# FAKULTETI I TEKNOLOGJISË USHQIMORE / ФАКУЛТЕТ ЗА ПРЕХРАМБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА И СОРАБОТНИЦИ (АСИСТЕНТИ – ДОКТОРАНТИ) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ – НАСТАВНО – НАУЧНА ОБЛАСТ ПРЕХРАНБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО на **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРЕХРАМБЕНА ТЕХНОЛОГИЈА** при УНИВЕРЗИТЕТОТ "МАЈКА ТЕРЕЗА" - СКОПЈЕ

Врз основа на Одлука за формирање на Рецензентска комисија бр 22-631/2/ на 11.12.2017 донесена од Наставно-научниот Совет на Факултетот за Технолошки Науки во состав на Универзитетот „МајкаТереза" во Скопје, за избор на наставници во сите наставно-научни звања и соработници (асистенти – докторанти) на Факултетот за Технолошки Науки – наставно – научна област ПРЕХРАНБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО, формирана е комисија во состав на:

1. Д-р **Африм Хамиди**, вонреден професор, **претседател**
2. Д-р **Сузана Алиу**, вонреден професор, **член**,
3. Д-р **Бистра Неткова**, вонреден професор, **член**

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентаската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на еден наставник во областа на прехранбено инженерство се пријавија вкупно 4 кандидати.
А. Извештај за избор на еден наставник во областа на прехранбено инженерство
На конкурсот за избор на наставник во областа на прехранбено инженерство се пријавија кандидатите:

### А.1. д-р Даниела Димовска

Биографски податоци:
Кандидатот Даниела Димовска е родена на 17.06.1974. Дипломирала на Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а магистер по земјоделски науки дипломирала на истиот Универзитет. Докторирала на Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во областа на земјоделски науки.
Научни, стручни, педагошки и други достигнувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор
Според доставената документација кандидатот има работно искуство во научна институција.
· Наставно-образовна дејност
Има високо-образовни и наставно-образовни активности преку учество на научни конгреси и научни истражувања.

· Научно истражувачка дејност
Доставила докази за научно-истражувачка работа преку објавени научни трудови и презентирани трудови на научни манифестации.
· Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
Постигнувања во стручно-апликативната дејност преку изготвување на елаборати за фарми и осовременување на лабораторијата за квалитетот на храната, со што соодвествува за прехранбено инженерство.

**А.2. д-р Гафур Ајрули**

Биографски податоци
Кандидатот Гафур Ајрули е роден на 17.01.1958 година во Кичево. На Универзитетот во Приштина се здобил со титулата дипломиран биолог. Магистрирал на Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а докторирал на Одделот за Биотехнологија и Биомедицина.
Научни, стручни, педагошки и други достигнувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор
· Наставно-образовна дејност
Нема високо-образовни и наставно-образовни активности.
· Научно истражувачка дејност
Објавени и презентирани трудови на научни манифестации
· Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
Не доставува докази за значајни постигнувања во стручно-апликативната дејност.

**А.3. д-р Теута Ѓуладин-Хеллон**

Биографски податоци
Теута Ѓуладин-Хеллон е родена на 14.02.1970 година во Охрид. Во 1994 година дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Магистрирала на Природно-математичкиот Факултетот во Скопје, Институт за Биологија во 2004 и во Ливерпул на Faculty of Education, Health and Community, School of Sport, Leisure and Nutrition, а доктрирала на European Centre for Piece and Development во Белград во 2014.
Научни, стручни, педагошки и други достигнувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор.
Има високо-образовни и наставно-образовни активности стекнати со работа во високообразовни институции.
· Наставно-образовна дејност
· Научно истражувачка дејност
Доставил докази за научно-истражувачка работа преку објавени научни трудови и презентирани трудови на научни манифестации.
· Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
Не постигнува значајни достигнувања во стручно-апликативната дејност.

**А.4. д-р Ружди Матоши**

Биографски податоци

Ружди Матоши е роден на 06.03.1970 година во Тетово. Во 1996 година, дипломир на Универзитетот Камза во Тирана и се стекнал со називот дипломиран инженер агроном. Магистрирал на Универзитетот „Хасан Приштина“ во Приштина во 2010 и се стекнал со називот магистер по економија. Докторирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и станал доктор на економски науки во 2014.

Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот релевантни за актуелниот избор

Има високо-образовни наставно-образовни активности стекнати со работа во високообразовна институција.

· Наставно-образовна дејност

· Научно истражувачка дејност

Доставил докази за научно-истражувачка работа преку објавени научни трудови и презентирани трудови на научни манифестации.

· Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Не постигнува значајни достигнувања во стручно-апликативната дејност.

З А К Л У Ч О К

Врз основа на целосниот преглед на доставената документација, спроведеното интервју и останатите сознанија за научно-истражувачката и стручна работа на кандидатите, рецензентската комисија заклучи дека:

А.1. д-р Даниела Димовска, со доставената документација кандидатката ги исполнува условите на објавениот конкурс исто така кандидатот покажува солидните научно-истражувачки резултати и постигнувања во академскиот сегмент на работата.

А.2. д-р Гафур Ајрули, со доставената документација кандидатот не ги исполнува условите за објавениот конкурс, поради несоодветна област во научно-истражувачка работа.

А.3. д-р Теута Ѓуладин-Хеллон, со доставената документација кандидатката не ги исполнува условите за објавениот конкурс, поради несоодветна област во научно-истражувачка работа

А.4. д-р Ружди Матоши, со доставената документација кандидатот не ги исполнува условите на објавениот конкурс, поради несоодветна област во научно-истражувачка работа.

П Р Е Д Л О Г

Со оглед на горе изнесените скратени и збирни заклучоци за секој од кандидатите, Рецензентската комисија има чест да даде предлог до наставно научниот совет на Универзитетот „Мајка Тереза“ – за наставник во областа прехранбено инженерство **да се избере** д-р Даниела Димовска, кандидат од горе наведените кандидати.

Рецензентска комисија:

1. Д-р **Африм Хамиди**, вонреден професор, **претседател**
2. Д-р **Сузана Алиу**, вонреден професор, **член**,
3. Д-р **Бистра Неткова**, вонреден професор, **член**